**УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ**

Трета Македонска Бригада, бр. 60

# Б И Л Т Е Н

## НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ

**Бр. 7**

**Скопје, 18.05.2021 година**

**Издание на УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје**

Главен и одговорен уредник:
*Д-р Марина Андева*

Печати:
*УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје*

Тираж:
*20 Примероци*

**БИЛТЕН Бр. 07**

**СОДРЖИНА**

**Стр. 4**

**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент истражувач во научна област менаџмент на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје – Ивона Милева

**Стр. 8**

**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент истражувач во научна област применета економија и финансии на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје – Маја Кадиевска Војновиќ

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ НА ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Со одлука бр.02-10/5 од 27.04.2021 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент истражувач по група предмети од научна област на менаџмент на Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на асистент истражувач објавен на 25.03.2021 се пријави кандидатот м-р Ивона Милева.
По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатот м-р Ивона Милева. ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Марјан Бојаџиев, проф. д-р Ана Томовска – Мисоска и вон. проф. д-р Снежана Христова го изготви следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на соработник истражувач во областа на менаџмент објавен во весникот Слободен печат на 25.03.2021 година се пријави кандидатот м-р Ивона Милева.

**Биографски податоци**
м-р Ивона Милева е родена на 27.02.1993 во Штип. Средното образование го завршила во Меѓунардоната Гимназија Нова (Nova International Schools) во Скопје. Во текот на своето образование, таа се стекнува со диплома за учество на програмата за лидерство, самит организиран на Универзитетот Харвард (Harvard University), Бостон, САД.

Со високо образование се стекнува на Универзитет Американ Колеџ Скопје (University American College Skopje), во 2014 година. Дипломирала во областа на деловна администрација, на насока финансии (Bachelors in Business Administration: Specialization in Finance), со просечен успех 3,32.

Во учебната 2014-2015 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Меѓунардониот Универзитет во Монако (International University of Monaco) во областа на луксузен менаџмент со фокус на луксузни стоки и услуги (Master of Science in Luxury Management: Specialization of Luxury Goods and Services). Студиите ги завршила во 2016 година, со просечен успех 3,15. Истата година, го одбранила магистерскиот труд, изработен врз основа на повеќе параметри: обавување на професионална практична работа во Хуго Бос (Hugo Boss), како и истражување и анализа на луксузната индустрија во Република Македонија.

Во учебната 2016-2017 година, Милева се запишала на трет циклус (докторски) студии. Нејзината докторска дизертација е во областа на менаџментот и организациони науки, со фокус на тестирање на VOX Organizationis - инструмент за мерење на организациско подредување.

Во својата биографија, кандидатот зборува за своето познавање на странски јазици; покрај англискиот јазик, Ивона Милева ги познава следниве јазици: шпански, германски и почетен француски јазик. Нејзиниот мајчин јазик е македонскиот јазик.

Во моментот е главен академски координатор и асистент по група предмети од областа на менаџмент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

**Работно искуство**

Од 2017 година, Милева е во редовен работен однос на Универзитетот Американ Колеџ Скопје како асистент по група предмети од областа на менаџментот и главен академски координатор.

Милева, активно учествува со повеќе научно – истражувачки проекти на Универзитетот.

**Области на истражување**

- претприемништво, организациско однесување

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

**Конференции**

- Mileva, I., Bojadjiev,M.,Stefanovska-Petkovska,M.(2020).Investigation into the Potential for Clientelistic and Corruptive Behavior of Students of Private and Public Universities in R.N. Macedonia.International Scientific Conference "Political Clientelism in the Western Balkans",Skopje,Macedonia

- Mileva,I.,Stefanovska-Petkovska,M.,Bojadjiev,M.(2020).Leader vs.Employees:Investigation of difference in perception of organizational culture in small and medium-sized enterprises,International May Conference on Strategic Management - IMCSM20, 16(1).Technical Faculty of Bor, University of Belgrade, Republic of Serbia

- Mileva,I.,Bojadjiev,M.,Stefanovska-Petkovska,M., Tomovska Misoska,A.(2020).Investigation of Organizational Culture in Companies in high rate polluted Countries: Review of existing Evidence and Application of the new Vox Organizationis Model , Fifteenth Annual International Conference on European Integration (AICEI2020), Skopje, Zenodo. http://doi.org/10.5281/zenodo.4393515

- Joleska Popov,T.,Mileva,I.(2019).Student Perceptions and Preferences concerning the Use of Case-Studies in Business and Business Communication Classroom, IAI Academic Conference Proceedings, International Academic Institute for the IAI International Academic Conference, University of Barcelona, Spain

- Bojadjiev,M.,Hristova,S.,Mileva, I. (2018). Leadership Styles In Small And Medium-Sized Businesses: Evidence From Macedonian Textile Industry, Conference Journal of Proceedings: "The Art of Developing Entrepreneurial Leaders" , ACBSP Region 8 Conference, Paris, France

- Bojadjiev,M.,Tomovska,A.M., Mileva,I. (2017). Vox Organizationis-Instrument for Measuring Organziational Alignment, Conference Proceedings LIMEN 2017,Belgrade,Serbia

**Публикации**

- Stefanovska - Petkovska, M., Bojadjiev, M. I., and Mileva, I. (2021). First-Time Leaders and the Role of Organizational Culture in Family Businesses. In Guah, M. W. (Ed.), *Handbook of Research on Innate Leadership Characteristics and Examinations of Successful First-Time Leaders* (pp. 274-299). IGI Global. http://doi:10.4018/978-1-7998-7592-5.ch016

- Tomovska Misoska, A., Stefanovska-Petkovska, M., Bojadjiev, M., and Mileva, I. (2020). Investigation of Organizational Culture in Family Firms: Review of Existing Evidence and Application of the New Vox Organizations Model in Family Firms. In Gnan, L., and Flamini, G. (Ed.), *Designing and Implementing HR Management Systems in Family Businesses* (pp. 101-120). IGI Global. http://doi:10.4018/978-1-7998-4814-1.ch006

- Mileva, I., Bojadjiev, M., Stefanovska-Petkovska, M., and Tomovska Misoska, A. (2020). Entrepreneurial Intention in Family Business. In Gnan, L., and Flamini, G. (Ed.), *Designing and Implementing HR Management Systems in Family Businesses* (pp. 199-221). IGI Global. http://doi:10.4018/978-1-7998-4814-1.ch011

- Bojadjiev,M., Hristova,S., Mileva, I. (2019). Leadership styles in small and medium-sized businesses: Evidence From Macedonian Textile Industry, *Journal of Entrepreneurship and Business Innovation*,Vol,6(2), Macrothink Institute. DOI: 10.5296/jebi.v6i2.15266

- Hristova,S., Kovachevski,D., Mileva,I.(2019)Strategic thinking in Macedonian family business: perceptions and practices, *UCB Annals* No.1 Economy Series, p.72-78, Constantin Bracusi, University of Tigru Liu, Romania

- Hristova,S.,Kovachevski,D.,Mileva,I.(2019) Individual And Group Decision Making In Macedonian SMEs, *Business Management Journal*,Vol.4, Bulgaria

- Hristova, S., Stevchevska-Srbinoska, D., Mileva, I., and Zafirova, A. (2019). Trade-off between Liquidity and Profitability: An Empirical Study of Pharmaceutical Sector in the Republic of North Macedonia. *Timisoara Journal of Economics and Business*, 12 (2), pp. 127-148

**Дополнителни усовршувања**

- Програма за претприемништво на Универзитетот Харвард, 2020 година
- Програма за претприемништво на Универзитетот Харвард, 2009 година

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: англиски (одлично), шпански (просечно), германски (просечно), француски (почетно)
- Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point), Corel Draw, Internet.

Од означениот преглед на работа и биографијата на кандидатот произлегува дека кандидатот Ивона Милева подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на менаџментот.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да го избере кандидатот Ивона Милева во звање соработник истражувач во областа на менаџментот.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.

Проф. д-р Ана Томовска Мисоска, с.р.

Вон. проф. д-р Снежана Христова, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Со одлука бр.02-10/3 од 27.04.2021 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент истражувач по група предмети од научна област на применета економија и финансии на Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на асистент истражувач објавен на 25.03.2021 се пријави кандидатот м-р Маја Кадиевска Војновиќ.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатот м-р Маја Кадиевска Војновиќ ги задоволува условите наведени во Конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Марјан Бојаџиев, проф. д-р Марјан Петрески и проф. д-р Томе Неновски го изготви следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на асистент истражувач во областа применета економија и финансии објавен во весникот Слободен печат на 25.03.2021 година се пријави кандидатот м-р Маја Кадиевска Војновиќ.

### I. Биографски податоци

Маја Кадиевска Војновиќ е родена на 21.05.1977 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје. Во 1996 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје, на отсекот Деловна (бизнис) економија, насока финансиско-сметководствен менаџмент. Дипломските студии ги завршила во 2002 година. Во 2005 година се запишала на Универзитет Шефилд меѓународен факултет, Сити колеџ - Солун, Грција и во 2007 година се стекнала со титула Магистер по бизнис администрација (МБА), област – финансии. Кандидатката во септември 2019 година почна да следи докторски студии во рамки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

**Работно искуство**

Од јули 2020 година, Кадиевска Војновиќ е во редовен работен однос на Универзитетот Американ Колеџ Скопје како асистент по предметите Вовед во микроекономија и Вовед во макроекономија (на англиски јазик).

Од јули 2011 година до јули 2018 година, Кадиевска Војновиќ била вицегувернер на Народната банка на Република Македонија одговорна за Секторот на операции на финансиски пазари и платни системи и извршен член на Советот на Народната банка на Република Македонија. Воедно, таа била и Претседател на Комитетот за инвестирање на девизните резерви со следните одговорности: насоки за стратешката алокација на девизните резерви, одлуки за тактичкото позиционирање на девизните резерви, имплементација на планот за инвестирање на девизните резерви, надзор на усогласеноста со регулативата и спроведувањето на Политиката и Правилата за управување и

инвестирање на девизните резерви. Исто така таа била и Претседател на Комитетот за управување со активата и пасивата на Народната банка со следните одговорности: подготовка и доставување на Финансискиот план и Планот за инвестиции на Народната банка до Советот на НБРМ и следење на нивното извршување. Како член на Комитетот за оперативна монетарна политика ги имала следните одговорности: давање насоки за носење одлуки за спроведување на монетарната политика, промени во поставеноста на монетарните инструменти, проекција на ликвидноста на банките и подготовка на анализи за макроекономските движења на домашен и меѓународен план за информирање на членовите на Комитетот.

Во текот на своето работно искуство кандидатката била ангажирана и како:

- Претседател на Работната група за израбо тка на Стратегијата за намалување на готовинските плаќања во земјата.
- Организација на редовните годишни конференции за плаќања и пазарна инфраструктура. Организација на 10-тото јубилејно издание на конференцијата со учество на високи претставници од ЕЦБ, гувернерот на централната банка на Холандија, извршни членови на Советот на централните банки на Португалија, Белгија и други.
- Организација на Конференцијата на високо ниво за монетарна политика и управување со финансиски средства со присуство на високи преставници од ММФ, ЕЦБ, СБ, БИС, ЕИБ, ЕБРД и други.

Бо продолжение се презентирани значајни проекти што се реализирани под раководство и супервизија на Маја Кадиевска Војновиќ:

- Развој на нова ефикасна оперативна рамка за спроведување на монетарната политика.
- Подготовка на Стратегија за деевроизација на македонската економија.
- Вклучување на Народната банка во Програмата на Светската банка за советување и управување со девизните резерви (Reserve Advisory and Management Program – RAMP), со што се овозможи спроведување на најдобрите практики и градење институционални капацитети во сите аспекти на управувањето со девизните резерви.
- Надградба на Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС – RTGS системот) за плаќања во евра преку воспоставување врска со системот ТАРГЕТ 2 на ЕЦБ и воспоставување електронско банкарство за вршење на платниот промет со странство за целите на државата и државните органи.
- Подготовка на нов Закон за платежни услуги и системи во кој се вградени одредбите од Директивата за платежни услуги на домашниот пазар (ПСД) и дел од одредбите од ПСД2 од Директивата за електронски пари и Директивата за конечност на плаќањата.

Од февруари 2003 година до јули 2011 година, Кадиевска Војновиќ имала повеќе различни позиции во Дирекцијата за монетарна политика и истражување при НБРМ. Во функција на советник аналитичар во отсек за движења во надворешниот сектор, таа била одговорна за подготовка на проекциите на билансот на плаќања, анализа на надворешната одржливост на економијата, оценка на адекватноста на девизните резерви и одржливоста на фискалната

политика на земјата. Во нејзина одговорност била и поготовката на редовните извештаи на НБРМ, изработката на истражувачки проекти на различни теми, учеството во дискусиите со ММФ и кредитните рејтинг агенции. Како аналитичар во Дирекцијата за монетарна политика и истражување, во отсекот за движења во реалниот сектор, била раководител на тимот за проекција на БДП и инфлацијата, одговорна за анализа на фискалната политика и извршувањето на Буџетот на РМ, подготовка на редовните извештаи на НБРМ и изработка на истражувачки проекти на различни теми. Како помлад истражувач во Дирекцијата за монетарна политика и истражување, во отсекот за движења во реалниот сектор, Кадиевска Војновиќ била одговорна за анализа на фискалната политика и извршувањето на Буџетот на РМ и за подготовка на редовните извештаи на НБРМ и подготовката и реализацијата на истражувачки проекти на различни теми.

Дополнително. Кадиевска Војновиќ има професионално искуство како Претседател на Комисијата за решавање по жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во 2011 година.

**Области на истражување**

Областите во чие истражување била вклучена и кандидатката биле следни:

Фискална и монетарна политика, биланс на плаќања, расположлив доход на население, инфлација, каматни стапки, еластичност на извоз и увоз, девизни резерви и инвестиции, биланс на централна банка итн.

**Сертификати и потврди**

Маја Кадиевска Војновиќ присуствувала на 28 стручни обуки, семинари и работилници од областа на макроекономијата и финансиите, во организација на Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Банката за меѓународни порамнувања, Системот на федерални резерви на САД, Европската Централна Банка, централните банки на Англија, Швајцарија, Германија и други земји од Европа и од регионот.

**Програми за лидерство**

Кандидатката Војновиќ посетувала и:

- Колоквиум за извршни лидери, одржан во 2015 година од страна на Светска банка во Виндзор, Велика Британија (Executive Leadership Colloquium, 2015, World Bank, Windsor, UK)
- Програма за лидерство и управување со промени во 2017 година, реализирана од страна на Светска банка и катедрата за менаџмет при Универзитетот Јејл, Њу Хевен, Конектикат, САД (Leadership and Change Management Executive Program, 2017, World Bank Treasury and Yale School of Management, New Haven, Connecticut, USA)

**Говорник и панелист**

Во текот на досегашната професионална кариера, кандидатката Кадиевска

Војновиќ учествувала на:

- 20 меѓународни научни и стручни конференции и форуми
- повеќе од 20 домашни стручни и научни настани и конференции.

**Автор/ко-автор на научно-истражувачки трудови:**

Кандидатка е автор на следните научно-истражувачки трудови:

1. Анализа на каматните стапки и каматните маргини на банкарскиот систем во Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, 2006 година.
2. Ценовна и доходна еластичност на извозот и увозот на Република Македонија и економскиот раст, Народна банка на Република Македонија, 2007 година.
3. Цените на храната и инфлацијата во Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, 2008 година.
4. Цени на недвижностите во Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, 2008 година.
5. Расположливиот доход на домаќинствата во Република Македонија, фундаменти и макроекономско влијание, Народна банка на Република Македонија, 2008 година.
6. Јазот помеѓу штедењето и инвестициите во Република Македонија и неговото финансирање, Народна банка на Република Македонија, 2009 година.
7. Оценка на цикличноста на фискалната политика во Република Македонија во текот на периодот на транзиција, Народна банка на Република Македонија, 2010 година.
8. Дали кризата промени сè? Емпириска анализа за монетарната и фискалната политика, Народна банка на Република Македонија, 2011 година.

**Кандидатка учествувала на следните стручни обуки, семинари и работилници:**

1. Business English (1999, UCI, California)
2. Written Communications (2004,CEF Ljubljana, Slovenia)
3. Macroeconomic Forecasting (2004, IMF Institute Vienna, Austria)
4. Operating with E-views (2006,NBRM, R.Macedonia)
5. Real Convergence and Monetary Policy Issues for Countries on their Way to the EU (2006, IMF Institute Vienna, Austria)
6. Inflation Targeting (2006, Central Bank of Serbia)
7. Macroeconomic modeling and forecasting using E-Views (2007, NBRM, R.Macedonia)
8. Monetary Policy in Developing Countries (2007, Central Bank of Switzerland)
9. Economic research in South-Eastern Europe (2007, Central Bank of Albania)
10. Financial Programming and Policies (2007, IMF Institute Washington, USA)
11. Macroeconomic Management and Financial Sector Issues (2008, IMF Institute Vienna, Austria)
12. Economic modeling and forecasting (2008, CCBC, Bank of England)
13. Macroeconomic modeling and forecasting II (2009, NBRM, R.Macedonia)

14. Macroeconomic Management and Fiscal Sector Issues (2009, IMF Institute Vienna, Austria)
15. Macroeconomic Diagnostic course (2010, IMF Institute Washington, USA)
16. Fiscal Policy in the Crisis and Beyond: Short-term Impacts and Long-term Implications (2010, Conference, Zagreb)
17. Modelling and Forecasting (2011, Workshop, Deutsche Bundesbank, Frankfurt, Germany)
18. Central Banking (2011, Seminar, Federal Reserve Bank of New York, New York, USA)
19. US Monetary Policy Implementation (2011, Seminar, Federal Reserve Bank of New York, New York, USA)
20. Payment and Securities Settlement Systems (2012, De Nederlandsche Bank, Amsterdam, Netherlands)
21. 19$^{th}$ Annual Reserve Management Seminar for Sovereign Institutions (2013, UBS, Zurich, Switzerland)
22. Inclusive Growth (2013, Seminar, IMF, Washington DC, USA)
23. 20$^{th}$ Reserve Management Seminar for Sovereign Institutions (2014, UBS, Ermatingen, Switzerland)
24. Workshop on Governance and Fundamentals of Asset Allocation (2015, World Bank – RAMP, Washington DC, USA)
25. Executive Leadership Colloquium (2015, World Bank, Windsor, UK)
26. 17$^{th}$ ECB Seminar on Payment, Clearing and Settlement for Central Banks (2017, ECB, Frankfurt, Germany)
27. Leadership and Change Management Executive Program (2017, World Bank Treasury and Yale School of Management, New Haven, Connecticut, USA)
28. Erste Group Winter Academy – Will Inflation Come Back Again (2017, Erste Group, Obertauern, Austria)

**Кандидатката учествувала како говорник/панелист на следните меѓународни стручни и научни конференции и форуми:**

1. Central and Eastern European Forum -Euromoney conference, Austria, Vienna, 2012
2. IMF/WB Constituency Meeting, National Bank of Romania & Ministry of Public Finance of Romania, IMF/WB, Romania, 2012
3. Summit of Regional Ministers and Governors "Financial Future of the Region" Ministry of Finance of the Republic of Montenegro, 2012
4. Regional Workshop: Redefining convergence in SEE: Implications of changes underway in the EU and euro area, South East European Studies at Oxford (SEESOX) and Bank of Albania, 2013
5. Conference “State and future of regional financial systems”, NBS, Belgrade, 2013
6. Meeting - Finances of Central Banks, BIS (Bank for International Settlements), 2013
7. Conference - National Asset - Liability Management Europe 2014, Central Banking Publications, UK, London, 2014
8. Constituency Meeting 2014, IMF/World Bank, Netherlands, The Hague, 2014
9. High level seminar „South East Europe in an Environment of Volatile Capital Flows“, B&H, Sarajevo, 2014
10. 9$^{th}$ Annual National Asset - Liability Management Europe Symposium, Central

Banking Publications, UK, London, 2015

11. Conference "Consequences of the Eurosystem's Non-Standard Measures for the Western Balkans", Vienna, JVI, 2015
12. Conference on Economic Governance in Europe and EU Accession Process: What Role for Central Banks? National Bank of Serbia, 2015
13. "Strengthening the Role of Local Currencies in the Western Balkans - Strategies, Challenges and Benefits", Frankfurt, 2015
14. Conference on Central Bank and Supervisory Governance, De Nederlandsche Bank, Amsterdam, Netherlands, 2016
15. XXXV Meeting of the Central Bank Governors' Club of Central Asia, Black Sea Region and Balkan Countries, June 2016, Almaty, Kazakhstan
16. Workshop on Governance Framework for Reserve Management, World Bank Treasury and BIS, Basel, Switzerland, 2017
17. 7th BBVA Seminar for Public Investors and Issuers, BBVA, Bilbao, Spain, 2018
18. Astana Economic Forum "Today's Shifting Global Economic Landscape", The Government of the Republic of Kazakhstan, Economic Research Institute - Kazakhstan, RBWC and ISPG, May 17-18, 2018, Astana, Kazakhstan
19. xCEEd FinTech Conference, May 22-23, 2018, Belgrade, Serbia
20. Summit of National Bank Governors, Finance Ministers and Tax Administration Directors of the Region "Financial and Monetary Stability in the Region Ten Years After the Global Financial Crisis", NIN Fokus, Ministry of Finance of the Republic of Montenegro, Central Bank of Montenegro, June 14-16, 2018, Becici, Montenegro.

**Кандидатката учествувала како говорник/панелист на следните домашни стручни и научни конференции и форуми:**

1. Конференција „Иднината на ЕВРОТО – предизвици за финансиската стабилност", фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Цивилно општество" во соработка со Македонско-германската бизнис организација и Европската бизнис асоцијација, Скопје, 30.03.2012 година
2. Настан во организација на Про-Кредит банка, Скопје, 13.07.2012 година
3. "17-то Годишно собрание на АЦИ Македонија" - Здружение на финансиски пазари, 04-06 мај 2012 година, Струмица
4. "18-то годишно собрание на АЦИ Македонија" - Здружение на финансиски пазари, Крушево, мај 2013 година
5. Презентација на Анкетата за бизнис климата во Република Македонија, македонско-германско стопанско здружение, Скопје, 10 април 2014 година
6. Трета регионална конференција за финансиска едукација за Европа и Централна Азија, Скопје, 2 - 3 октомври 2014 година
7. Работилница на ЕРСТЕ на тема: „Ажурирање на правилата и регулативата", Скопје, 1 декември 2014 година
8. „20-то Годишно собрание на АЦИ Македонија" - Здружение на финансиски пазари, Струга, 16 мај 2015 година
9. Работилница за теми во областа на спроведувањето на заднинските активности во процесот на управувањето со девизните резерви, Скопје, 7-11 септември, 2015 година
10. Семинар во организација на Thomson Reuters, во организација со АЦИ Македонија ЗФП- Скопје, 18 февруари 2016

11. "21 годишно собрание на АЦИ Македонија" - Здружение на финансиски пазари, Струмица, 28 мај 2016 година
12. Семинар за млади и идни банкари во организација на Академија за банкарство и информатичка технологија (АБИТ), Скопје, 22 јуни 2016 година
13. Завршна конференција на проектот ИПА „Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на движењето на капиталот и плаќањата и финансиските услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги", Скопје, 30 јуни 2016 година
14. 7-ма Конференција за новите визии во банкарскиот сектор (7th New Banking Vision Conference), Струга, 16 септември 2016 година
15. 4-ти Инвестициски појадок на ERSTE (4th ERSTE Investors' Breakfast), Скопје, 29 септември 2016 година
16. 5-ти Инвестициски појадок на ERSTE (5th ERSTE Investors' Breakfast) одржан во Скопје на 28 септември 2017 година
17. Меѓународна конференција на високо ниво за монетарна политика и управување со финансиски средства "Нова нормала? Глобална економска експанзија, динамика на инфлацијата, финансиска стабилност и значењето за управувањето со финансиските средства во меѓународни рамки", Народна банка на Република Македонија и Комитет за преобразување на Бретон Вудс, Скопје, 16.2.2018 година.
18. Годишна меѓународна конференција за плаќања и пазарна инфраструктура, Народна банка на Република Македонија и Централна банка на Холандија, Охрид (повеќе изданија, вклучувајќи го и 10-тото јубилејно издание во 2017 година).
19. Годишна меѓународна истражувачка конференција на НБРМ (повеќе изданија).

**Вештини и знаење**

Кандидатката ги има следните презентациски вештини и знаења:

- Странски јазици: англиски (одлично), српски и хрватски (одлично)
- Наставно научни и презентациски вештини во областите: фискална и монетарна политика, глобализација, девизни резерви, меѓународна економија, дигитализација на финансии итн.
- Возачка дозвола,
- Работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point), Internet.

Од означениот преглед на работа и биографијата на кандидатот произлегува дека кандидатката Маја Кадиевска Војновиќ подолго време се занимава со практична и научно - истражувачка активност во областитемакроекономија и бизнис опкружувањето.

Во досегашната образовна и научно-истражувачка работа Маја Кадиевска Војновиќ била ориентирана кон интердисциплинарно проучување на повеќе тематики од областа на економските науки. Нејзината богата практична работа и лидерство на повеќе проекти е меѓународно признаена.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да ја избере кандидатката Маја Кадиевска Војновиќ во звање соработник истражувач од областа на применета економија и финансии.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Марјан Петрески, с.р.

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.

Проф. д-р Томе Неновски, с.р.